КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( “Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, на осумдесет и третата седница одржана на ден 10.12.2012 година, ја донесе следната

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 3011
11.12 2012 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

Управен одбор врз основа на член 68 став 1 т.з в.в со чл. 51-а од Законот за извршување го води Именикот на приправници на начин што ги евидентира како приправници лицата вработени и лицата кои вршат волонтерски работи кај извршителот со цел нивно стручно оспособување.

Не се запишуваат во Именикот на приправници оние приправници односно лица кои вршат волонтерски работи а кои не се со завршено четиригодишно високо образование на правни студии односно не се стекнале со 300 кредити според Европски кредит трансфер систем (ЕКТС).

Се задолжува Стручната служба при Комората да ги извести сите извршители по електронска пошта дека потврда за времето поминато како приправник се издава единствено врз основа на податоците од Именикот на приправници.

Рокот за запишување на лицата кои се вработени или вршат волонтерски работи кај извршителот е најдоцна петтиот работен ден од денот на склучување на договорот за приправнички односно волонтерски стаж кај извршителот.

Им се укажува на извршителите кои веќе имаат ангажирано приправници во своите канцеларии а за кои немаат доставено договори до Комората дека тоа можат да го сторат најдоцна до 01.02.2013 година заради нивно запишување во Именикот на приправници.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

Бул. „ Илинден “ бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com